Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 347//0306
16.09 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 29.08.2025 година, врз основа на примена жалба од **Хотел „Цар Самуил“**, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Бањските бисери во Македонија остануваат огромен неискористен туристички потенцијал“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Рацин.мк (racin.mk) на 20.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 20.08.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Бањските бисери во Македонија остануваат огромен неискористен туристички потенцијал“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Рацин.мк (racin.mk) на 20.08.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, неточно и нефер известување, и мешање на факти и мислења, вест со коментар.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека во текстот „нема направено никаков напор да се направи истражување и порталот со тоа ги омаловажува сите бањски капацитети кои функционираат во нашата држава. Уште во насловот се дискредитираат сите инвестиции направени во бањскиот туризам во нашата држава, кој бележи огромен раст во последните неколку години“... Уште се наведува дека од медиумот „немаат побарано никакви податоци како се искористени потенцијалите на термалната вода надвор од бањите“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот потпишан од главниот уредник Зоран Бојаровски во кој, меѓу другото, се наведува:

„Текстот …е напишан врз основа на деск-топ прегледот што го нудат достапните извори на интернет. Станува збор за податоци извлечени од претходни новинарски текстови и податоци, во најголем дел на Државниот завод за статистика и Агеннцијата за туризам. Во сите нив доминира заклучокот поставен и во насловот на текстот дека бањите, термалните и термоминералните води се неискористен потенцијал во државата.

Во прилог на ова е и констатацијата во текстот дека „бројот на термоминерални извори во нашата земја е над шеесет, а за туристички и здравствени потреби, односно бањски центри, се користат осум“.

Во одговорот се додадава дека „нема „втора страна“ бидејќи таа не може да се изнијансира од широко опфатените извори на податоци користени во текстот, а текстот имаше за цел да ја претстави општата, генерална слика, за потенцијалите на бањскиот туризам во Македонија“, поради што според медиумот, не можело да се заклучи дека станува збор за неточно и нефер информирање..

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Бањските бисери во Македонија остануваат огромен неискористен туристички потенцијал“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Рацин.мк (racin.mk) на 20.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени член 1 и член 12 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст од областа на економијата кој се осврнува на потенцијалите и на искористеноста на бањите и бањскиот туризам во земјата, што претставува тема од јавен интерес.

Но, Комисијата, после внимателна проверка со посебна компјутерска алатка за таа намена, утврди дека не станува збор за оригинален текст, туку за преземен текст објавен во 2016 година од МИА, од новинарката Кети Мицковска. Најголем дел од објавениот текст е идентичен на оригиналниот од 2016 година, вклучително и поднасловите. Сменет е единствено насловот и првиот пасус.

При донесувањето на одлуката, Комисијата го имаше предвид и она што е наведено во одговорот од медиумот, за тоа дека текстот е базиран врз податоци извлечени од претходни новинарски текстови и податоци, во најголем дел на Државниот завод за статистика и Агенцијата за туризам“. Меѓутоа, имајќи предвид дека текстот е во огромен дел преземен од текст објавен во 2016 година, заклучи дека податоците објавени во текстот се непроверени и во дел неточни, затоа што состојбата во оваа свфра не може да биде идентична со онаа од 2016 година, со што се искривени фактите, односно е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија кој го регулира ова прашање.

Комисијата, исто така, утврди дека со целосното преземање на најголем дел од текстот од 2016 година, а притоа воопшто не е наведен изворот и авторката на текстот, медиумот направил плагијаторство, односно го прекршил членот 12 од Кодексот на новинарите кој го регулира ова прашање.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 12**

Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

* * *

Во согласност со наведеното, просутните членови на Комисијата едногласно одлучија како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис и Жана Божиновска. Членот на Комисијата Димитар Мицев поради судир на интереси се иззема од гласањето по одлуката.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595